# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 2 03.03.2023, петок

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначалник на општина Валандово:**

**Совет на Општина Валандово:**

**1.Решение** за објавување на завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година .............. 2
**2.Завршна сметка** на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година .................................................................. 2
**3.Решение** за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година ................................................ 3
**4.Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година ............. 3
**5. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за набавка на CNC Laser 6040.................................................................. 3
**6.Одлука** за одобрување на средства на СОУ "Гоце Делчев" Валандово за набавка на CNC Laser 6040.......... 3
**7. Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за реализација на проектот – нова модна колекција на брендот ZANOV – "NOCTURNAL"…………………………………………………. 3
**8.Одлука** за одобрување на средства за финансиска поддршка за реализација на проектот – нова модна колекција на брендот ZANOV – "NOCTURNAL"………… 4
**9. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2022 година………………………………………………………..…. 4
**10.Заклучок** за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2022 година………………………………………………………………. 4
**11.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година......... 5
**12.Заклучок** за давање согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година............................................................... 5
**13.Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Завршната сметка на ЈП "Комунален сервис" Валандово за 2022 година.................................... 5
**14.Заклучок** за давање согласност на Завршната сметка на ЈП "Комунален сервис" Валандово за 2022 година.........................................................................................5
**15.Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2022 година ................................................ 5
**16. Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев" Валандово за 2022 година ............... 6
**17. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2022 година .................................................. 6
**18. Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2022 година ....... 6
**19. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур" Јосифово за 2022 година ................................................................... 6
**20. Заклучок** за усвојување на завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур"Јосифово за 2022 година ............. 6
**21. Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка" Валандово за 2022 година ........................................................................ 7
**22. Заклучок** за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка"Валандово за 2022 година ..................... 7
**23. Решение** за објавување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2023 година.................................................................................. 7
**24.Програма** за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2023 година…………………………………… 7

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/3 — Градоначалник
27.02.2023 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година**

**Член 1**

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи во 2022 година изнесуваат:

**I. Вкупни приходи** **248.549.704** **215.970.803**

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 25.041.000 | 26.485.346 |
| Неданочни приходи | 11.439.000 | 11.216.487 |
| Капитални приходи | 28.600.000 | 4.837.987 |
| Приходи од дотации | 138.662.321 | 134.134.880 |
| Трансфери | 30.736.383 | 32.956.642 |
| Донации | 14.071.000 | 6.339.461 |
| Кредити | 0 | 0 |

**II. Вкупни расходи** **260.342.420** **219.820.195**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 259.672.420 | 219.306.241 |
| Резерви | 670.000 | 513.954 |

| | | |
|---|---|---|
| **III.Дефицит/ Суфицит** | **-11.792.716** | **-3.849.392** |
| **IV. Финансирање** | **11.792.716** | **3.849.392** |

| | | |
|---|---|---|
| **<u>Прилив</u>** | **11.792.716** | **3.849.392** |
| -Домашно задолжување | | 0 |
| -Странски заем | | 0 |
| - Депозит | 11.792.716 | 3.849.392 |

**Одлив**

-отплата на главнина 0

**Член 2**

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2022 година изнесува:

**- Салдо на 31.12.2022 год. 11.385.290 ден.**
Салдо основен буџет 2.493.519 ден.
Салдо буџет дотации 5.825.616 ден.
Салдо буџет самофин. акт. 379.054 ден.
Салдо буџет донации 2.687.101 ден.

Салдото на основен буџет на 31.12.2022 година во износ од 2.493.519 денари се пренесува како прилив на основен буџет на Општина Валандово за 2023 година.

Салдото на буџет на дотации на 31.12.2022 година, во износ од 5.825.616 денари, се пренесува како прилив на буџет на дотации на Општина Валандово за 2023 година.

Салдото на буџет на самофинансирачки активности на 31.12.2022 година, во износ од 379.054 денари, се пренесува како прилив на буџет на самофинансирачки активности на Општина Валандово за 2023 година.

Салдото на буџет на донации на 31.12.2022 година, во износ од 2.687.101 денари, се пренесува како прилив на буџет на донации на Општина Валандово за 2023 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени, се искажани во билансите на приходи и расходи.

**Член 4**

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-18/2 — Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/4 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите (“Службен весник на РМ” бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и “Службен весник на РСМ” бр.151/21), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветнаесеттата редовна седница одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Валандово за 2023 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донац. | Кред. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 0 | - 14.000 | 0 | 0 |
| 427110 Привремени враб. | 0 | 0 | - 42.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други дог. услуги | 0 | 0 | 56.000 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општината” и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

Бр.08-18/4 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на средствана СОУ „Гоце Делчев” Валандово за набавка на CNC Laser 6040**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Одлуката за одобрување на средства на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за набавка на CNC Laser 6040, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/12 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на средства на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за набавка на CNC Laser 6040**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 50.000,00 денари, на СОУ „Гоце Делчев” Валандово, како финансиска поддршка на училиштето за набавка на CNC Laser 6040 кое ќе се користи како нагледно средство за машинската струка при СОУ „Гоце Делчев” Валандово.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од програма АО Совет на Општина Валандово, ставка 464990 -други трансфери, на Буџетска сметка на самофинансирачки активности на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово 708010682378711 програма Н2, ставка 464990-други трансфери.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-18/12 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од

Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за реализација на проектот – нова модна колекција на брендот ZANOV – „NOCTURNAL”**

**СЕ ОБЈАВУВА,** Одлуката за одобрување на средства за финансиска поддршка за реализација на проектот – нова модна колекција на брендот ZANOV – „NOCTURNAL”, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/13 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за финансиска поддршка за реализација на проектот – нова модна колекција на брендот ZANOV - “NOCTURNAL”**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 50.000,00 денари, на Митко Занов, моден креатор од Валандово, како финансиска поддршка за реализација на проектот - нова модна колекција на брендот ZANOV, “NOCTURNAL” наменета за сезона пролет 2023.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, подставка 464990 други трансфери, на име Митко Занов ЕМБГ 1907989460004, број на сметка 200001851312892, депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-18/13 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/2 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот извештај на Општина Валандово за 2022 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2022 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- годишната сметка;
- извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;
- извештајот за користење на финансиските средства од постојната и тековната резерва и
- извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-18/3 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучокот за давање согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-251/5 | Градоначалник |
| 27.02.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за периодот од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово го има усвоено на седницата одржана на ден 17.02.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-18/5 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучокот за давање согласност на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис” Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-251/6 | Градоначалник |
| 27.02.2023 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Перо Костадинов |

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Завршната сметка на ЈП „Комунален сервис“ Валандово за 2022 година, кој Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово ја има усвоено со Одлука бр.02-107/1 од 17.02.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-18/6 | Совет на Општина Валандово |
| 27.02.2023 год. | Претседател |
| Валандово | Владимир Марков |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучок за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев” Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/7 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово за 2022 година, предложени од Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово со Одлука бр.02-113/1 од 24.02.2023 година и тоа:

- Сметка 708010682390316 (буџетски дотации) и
-Сметка 708010682378711 (самофинансирачки дејности).

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-18/7 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучок за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/8 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2022 година, предложени од Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово со Одлука бр.02-81/3 од 22.02.2023 година и тоа:

- Сметка буџетски дотации и

- Сметка сопствени приходи.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-18/8 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур” Јосифово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/9 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2022 година, предложени од Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Јосифово со Одлука бр.09-59/3 од 24.02.2023 година и тоа:

- Сметка буџетски дотации и
- Сметка за самофинансирачки дејности.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-18/9 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Заклучокот за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка” Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/10 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 31, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Завршните сметки на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово за 2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВААТ** Завршните сметки на Јавната општинска установа-Детска градинка „Калинка“ Валандово за 2022 година, предложени од Управниот одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово со Одлука бр.02- 26/3 од 22.02.2023 година и тоа:

- Сметка 708010237278715 (Сопствена) и
- Сметка 708010237290310 (Наменска).

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-18/10 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2023 година**

**СЕ ОБЈАВУВА**, Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2023 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година.

Бр.09-251/11 Градоначалник
27.02.2023 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 14 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветнаесеттата редовна седница, одржана на ден 27.02.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, реконструкција и одржување на локалните водоводи и фекални канализации во Општина Валандово во 2023 година**

Со Програмата се опфатени активностите на општината во 2023 година на планот на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на системи за водоснабдување на населените места и изградбата на фекални канализации во истите.

**ВАЛАНДОВО**

Канализација

Општина Валандово има изготвено техчничка документација за изградба на пречестителна станица за отпадни води и дел од колектор за град Валандово. Техничката документација е изработена во фази и тоа:

- Дел од колектор за град Валандово;
- Архитектонски проект;
- Градежно – конструктивен проект – статика со сеизмика;
- Хидротехнички проект;
- Електротехнички проект;
- Машинско – технолошки проект;
- Партерно уредување.

Доколку се обезбедат потребните средства ќе се отпочне со нејзина изградба.

**КАЛКОВО**

Водовод

Нов водовод во село Калково.

- Со средства обезбедени преку Европската Инвестициона Банка во износ од 61.186,00 ЕВРА (3.786.043,00 МКД), отпочнето е со изградба на нов резервоар со зафатнина на мокра комора од 150 кубни метри;
- Со средства од Министерство за транспорт и врски во износ од 5.000.000,00 денари отпочнето е со изградба на доводен цевковод од резервоарот до секундарната мрежа во селото, со должина од 1.072 м;

- Ќе се отпочне со изградба на каптажен зафат на изворската вода, крак 1 – цевковод од каптажа до новиот резервоар со должина од 3.888 м и водоводна мрежа во село Калково со цевковод во должина од 5.540 м.

**ГОРНА МААЛА**

Канализација

За потребите на населено место Горна Маала – Јосифово, Општина Валандово ќе изработи техничка документација за фекална канализација.

Свои инвестициони активности на планот на одржувањето и надградбата на водоснабдителните и канализационите системи во општината со кои управува ЈП Комунален сервис Валандово, ќе има и јавното претпријатие преку реализација на Програмата за работа и развој на претпријатието за 2023 година.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Валандово"

Бр.08-18/11 Совет на Општина Валандово
27.02.2023 год. Претседател
Валандово Владимир Марков